Wabtec MZT
PO box 409, st. Pero Nakov 124
1000 Skopje – North Macedonia
Tel: +389 2 258 13 - 96/97
Fax: +389 2 258 14 48
www.wabteceurope.com
wabtecmzt@wabtec.com

Согласно измените и дополнувањата на Правилата за котација, Ви приложуваме образложение на неревидираните финансиските извештаи за период од 01.01. до 30.09.2022 год.

Друштвото за периодот од 01.01 до 30.09. во деловната 2022 година нема евидентирани никакви промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи споредено со последните реведирани финансиски извештаи.

Во пресметковниот период јануари – септември од деловната 2022 година остварени се оперативни приходи во износ од 1.318.555 илјади денари кои бележат пораст од 21% во однос на истиот пресметковен период од минатата година.

Во структурата на оперативните приходи приходите од продажба на домашен пазар бележат пораст од 67% во споредба со истиот период од минатата година, додека приходите од продажба на странскиот пазар бележат зголемување од 21% во споредба со истиот период од минатата.

Останатите оперативни приходи бележат зголемување во споредба со истиот период од мината година.

Вкупните оперативни расходи во пресметковниот период јануари-септември од деловната 2022 година изнесуваат 1.372.209 илјади денари и бележат зголемување за 18% во однос на истиот период од минатата година.

Промената на вредноста на залихите во пресметковен период од деловната година како разлика помеѓу вредноста на залихите на почетокот и на крајот на пресметковниот период, генерира расходна ставка во износ од 13.158 илјади денари и Друштвото оствари оперативна загуба на износ од 66.811 илјади денари.

Остварената оперативна загуба во пресметковниот период од деловната година е негативна, како и за истиот пресметковен период од минатата година.

Финансиските расходи во пресметковниот период од деловната година се поголеми од финансиските приходи од деловната година во износ од 23.977 илјади денари, што од своја страна го намалува нето финансискиот ефект од работењето на Друштвото и Друштвото оствари загуба од редовно работење на износ од 90.788 илјади денари.

Вабтек МЗТ АД Скопје за периодот јануари – септември 2022 година оствари негативен финансиски резултат , нето загуба по оданочување во износ од 90.788 илјади денари.

Друштвото за периодот јануари – септември 2022 година нема исплата на дивиденда.

Вложувањата во недвижности, постројки и опрема за периодот јануари – септември 2022 година изнесуваат 40.830 илјади денари.

Вкупните обврски по долгорочни кредити на 30.09.2022 година изнесуваат 847.988 илјади денари и во споредба со истиот период од минатата година се на речиси исто ниво, додека обврските по краткорочни кредити изнесуваат 440.017 илјади денари и се на речиси исто ниво во однос на истиот период од минатата година.

Последиците од кризата од Ковид-19, директно влијае на оперативното и производното работење на нашето Друштво како и врз продуктивноста, ликвидноста, наплатата на побарувањата и сл. Доколку дојде до продолжување на кризата Друштвото наидува на размислување и за стратегиски промени во обемот на работа. Во однос на стратегиските промени главно ќе се практикуваат мерките за заштита, прилагодување и подобрување на техничките услови за работењето се со цел да нема прекин во производствениот процес. Воедно, Друштвото размислува да превземе некои финансиски мерки како што се: рационализација на трошоците на работење, промена или целосно одлагање на планираните инвестиции, мерки за одржување на ликвидноста. Во однос на човечките ресурси ситуацијата не е променета, освен нормалната флуктуација на кадри и сл. Друштвото ги следи економските трендови во националната, регионалната и глобалната економија со цел да се здобие со информации корисни за процесот на одлучување.

Вабтек МЗТ АД Скопје продолжува да работи во насока да го подобри производството, а со тоа максимално задоволување на потребите и очекувањата на купувачите и рационализација на трошоците на работење и да ја одржи пазарната позиција со производи на високо и квалитетно ниво со цел да ги исполни планираните активности за 2022 година.

Вабтек МЗТ АД Скопје